**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јули 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,18 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ја отворам 62-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Фијат Цановски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Гарип Каба, Блерим Беџети, Ристо Пенов, Тале Герамитчиоски, Радмила Шекеринска, Абдулади Вејсели и Џевад Адеми, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Очигледно дека имаме многу мал број на пратеници, една третина од потпишаните. Затоа уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата да можеме да почнеме со седницата.

Ги молам службите да достават точен број на пристуни пратеници во салата.

Можеме да почнеме со седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на 20 пратеници.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 гласале за, воздржани нема, против 1 пратеник.

За да биде ова гласање легитимно, ги молам службите да достават точен број на пратеници во моментот на гласање без господинот Тито Петковски, Неждет Мустафа и Игор Ивановски.

Гласањето е во ред.

Констатирам дека прелдогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1.Инфорамција за состојбата на Република Македонија по пожарите кои ја зафатиле целата држава.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, сите 66 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да отворам претрес, ги молам сите присутни на дисплејот, дел од нив имаше присутни како можни дискутанти и процедурални интервенции за претходната седница. Тие што беа за претходната седница, молам да се откажат, а откако ќе се откажат тие ќе процедираме вака. Значи имате сега можност да се откажете за да не останат парчиња од минатото.

Ако сите што сте овде на дисплејот сте за процедурални интервенции односно за говор, молам прво да ги исцрпиме процедуралните интервенции. По редоследот како е овде поставен, јас ќе прозивам.

Госпоѓа Бендевска за процедурална интервенција сте или за збор?

Значи за збор сте.

Ве молам прво да ги очистиме процедуралните за после да си работиме на чисто.

Господин Рафис Алити, за процедурална интервенција сте? (Да)

Повелете вашите три минути.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Јас и во текот на координирањето го кажав ставот на парламентарната група на ДУИ дека треба да се одржи седницата на која ќе ги имавме податоците околу создадената ситуација тука во земјата, значи ситуацијата со пожарите, затоа што, како пратеник или како пратеници потребни ни се податоците од терен и тоа какви беа реакциите на надлежните органи за преземање на тоа што треба да се преземем во вакви случаи. Меѓутоа, не можам да го сватам мнозинството кое дваипол часа часа доцни, почнуваме сега со нова седница иако беше предвидена седницата за пратенички прашања. Ова на некој начин е губење или трошење на време, или крадење на време од пратениците кои имаат подготвено прашања за поставување, илипак кои беа подготвени во тој правец. Од друга страна предлагачот сигурно предложи да се смени дневниот ред и да се свика нова седница и за тоа сигурно има свои причини и свои грижи, зошто реагирал на тој начин и зоштопобарал да се одржи вонредна седница, така да ја наречам. Меѓутоа, повторно ќе кажам дека,до колку сите сме загрижени така како што велиме дека сме, сигурно пратениците сега ќе требаше да бидат на терен, а не сега тука да расправаме, а таму да горат планини или нечии куќи. Така што, не гледам дека ќе добиеме нешто, илипак ќе добијат граѓаните од тоа што ние ќе расправаме, затоа што на нив им е загрозен имотот и со тоа ние што ќе исправаме, така да кажам криви дрини, без да имаме податоци кои требаше да ги имаме, од страна на Владата. За тоа ние како парламентарна група протестираме. Кога ќе има координација координаторите на пратеничките групи да бидат таму на време , а не претседавачот на овој дом, цело време тука да се консултира со владините претставници и со

координаторите од позицијата, додека координаторите од опозицијата чекаа по половина час и повеќе да се види кој е ставот на Владата, дали ќе има седница за ова или ќе нема.

**Љубиша Георгиевски:** Што се однесува за презакажувањето и рокадата, јасно е дека тука процедурата беше чиста. Јас само уважив едно легитимно деловничко барање од страна на пратеничката група на СДСМ.

Што се однесува до чекањето, јас исто сум голем противник и морам овде да споделам, токму вие и јас сме најголеми чекачи во Охридската сала. Јас го сваќам вашиот револт и вашиот протест, затоа што пред се треба да бидеме ефикасни и точни.

Одиме понатаму.

Госпоѓа Топузова Каревска, вие се јавувате за збор или процедурално?

Повелете, вашите три минути за процедурално.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претсеателе, почитувани колеги пратеници, почитуван премиер,почитувани минситри во Владата на Република Македонија.

Сакам мојата процедурална забелешка да ја искористам за нешто конкретно.

Добро е што на денешната седница ќе расправаме за она штоја снајде Република Македонија, за огнената стихија, но мислам дека ќе биде уште подобро ако имаме и некој конкретен предлог од кој навистинаимакорист и Република Македонија и граѓаните. Токму поради тоа апелирам до министерот за финансии, господинот Трајко Славески, веднаш по оваа седница да изготви амандман на ребалансот на Буџетот, со кој ќе ги пренамени средствата кои се од капиталните расходи и треба да се трошат за саморекламирање на Владата, значи за купување на мебел и восочни фигури да ги пренамени за справување соогнената стихија.

(Реакција на пратениците од позицијата)

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Топузовска не е тоа процедурално. Кажете што имате за процедурата.

**Роза Топузова Каревска:** Почитувани колеги пратеници занам дека вистината е многу болна, но тоа е реалноста во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓо Топузовска таа вистина не е на дневен ред. Друга вистина е на дневен ред.

**Роза Топузова Каревска:** Таа е вистината. Треба да имаме конкретни заклучоци.

**Љубиша Георгиевски:** Ќе ви одземам збор ако продолжите вака.

**Роза Топузова Каревска:** Претседателе вас ви помина во навика да бидете ненадмашен режисер на хаосот и одземање на зборот, меѓутоа со тоа не псотигнуваме ништо добро за граѓаните на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ова ви е втора опомена.

**Роза Топузова Каревска:** Имам конкретен предлог и тоа е процедурално.

Во текот на оваа седница Владата д аизготви амандман и средствата кои се наменети за друго, да бидат наменети за справување сокризите, затоа штопочитувани колеги, да стигнат хелихоптерите на 30 септември, тогаш веќе ќе биде доцна. Ве молам најсериозно треба да се зафатиме со ова.

Уште еднаш, почитуван министер за финансии,подгответе го амандманот за ребалансот на Буџетот. Така ќе покажете дека конкретно се залагате за справување со кризата.

Благодара.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Ве моалм немојте да ја ползувате мојата пермисивност, се да ставате под процедурална интервенција. Не е добро тоа. Не е добро. Имате после големо поле за дискусија. Немате никакво ограничување. Имате кога.

Одиме понатаму.

Госпоѓа Анета Стефановска, вие баравте процедурално или баравте збор. Значи барате збор.

Госпоѓа Катерина Димевска, процедурално или баравте збор. (Збор).

Добро, ќе добиете кога ќе ви дојде редот.

Има ли уште некој за процедурално?

Господинот Стојан Андов,господинот премиер. Значи по тој редослед.

Повелете господине Андов, имате процедурално.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, господине премиер, почитувани пратеници,

Сооглед на тоа што утврдивме дека не може да се внесува нов аточкана дневен ред, предлагам процедурално да го решиме проблемот што ја ссега сакам да го предложам на следниот начин:

Во инфорамцијата на премиерот да влезе и еден заклучок кој ќе има сила на одлука, денес да одлучиме по една дневница секој пратеник да издвои во корист на надоместување на штетите од пожарите.

(Реакции во салата).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, немојте да реагирате спонтано.

**Стојан Андов:** Да издвоиме еднодневна заработувачка.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот премиер, повелете.

**Никола Груевски:** Во мојот процедурален настап ви кажав дека, со оглед на тоа што опозицијата побара информација за состојбата со пожарите, би било добро, до колку дозволите, како претседател на Владата да дадам информација и потоа да расправаме по истата. Значи редот е тој.

(Од место реагира пратеникот Јани Макрадули дека не е таков редот).

Ако опозицијата бара од Владата да добие информација и ја бара итно, писмена информација не можеме да пдготвиме, бидејки бараат итно, но тие прифатија и да не е така,

прифатија во една ваква процедура да добијат каква таква информација. Ние во овие 30-сетина минути пауза обезбедивме она што можевме да го обезбедиме како материјал, како информации, како податоци, најголемиот дел од она што го имаме, го имаме и од искуствата од минатите денови и би бил еден нормален и логички редослед, кога се бара информација, да се даде таа информација. Така што, јас сум подготвен, во рамките на можностите, без големи подготовки, од искуството од минатите денови информациите од минатите денови, информациите сега во овие половина час, што ги добив, да дадам да дадам едно излагање во кое ќе ги кажам информациите што ги барате, а птоа пратениците можат да прашаат нешто, да сугерираат да дадат идеи, да критикуваат ако има нешто за критика, да полемизираат, да носиме заклучоци, да носиме одлуки и да донесеме нешто што ќе донесе прогрес во Република Македонија. Инаку вака седницата ќе се претвори во една општа дебата, во политички препукувања, а мислам дека ова е кризна ситуација која не би требало да се користи за злоупотреба, за политички препукувања, за ситнопартиски поени, затоа што во овој момент во Македонија има активни околу 43 пожари. Луѓето се борат со огнената стихија. Огромен број од војската е ангажиран во таа борба, огромен број на граѓани и навистина ќе биде непристојно, некоректно можеби и фрустрирачки пред граѓаните, сега да почнеме сопрепукувања, меѓупартиски поентирања, колку СДСМ фатил грешки, колку нешта тие направиле, колку ВМРО ќе им врати и т.н.

До колку навистина сакате инфорамција, јас сум подготвен сега да ја дадам инфорамцијата, апотоа откако ќе ја добиете инфорамцијата, бидејкикако ќе расправате ако немате информација. Ако немате информација тешко можете да расправата, значи ќе расправате од она што сте го гледале на телевизија, или сте го прочитале во некој весник или сте го слушнале на некои телевизиски прилог. Ако сакате релевантна информација, колку можеше да се собере во ова кратко време, треба прво да се настапи, да се кажат работите и после да ги слушнеме вашите идеи како да се помогне, сугестии како да се настапи што да се направи во иднина и т.н. Се друго денес ќе го сметаме за една непријатна, за граѓаните можеби и фрустрирачка, можеби и валкана политичка игра да се манипулира и да се злоупотребува состојбата на криза во Република Македонија…

(Бурно негодуваат пратениците од СДСМ)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам пратеници, да се слушнеме.

**Никола Груевски:** … со која ние во Владата со крајни напори се справуваме, со денонокна работа, се справуваме и се обидуваме да ги спречиме штетите во шумите, да ги спречиме штетите во загрозените села, да спречиме загрозување на човечки животи. Значи вие треба да ни помогнете, а не да ни одмогнете, не да го утепате денот во политички препукувања. Дајте можност да дадам информација за да ги кажам состојбите, најновите инфорамции што ги иамме, преземените мерки, а подоцна да ги слушнеме вашите сугестии и вашите идеи, да видиме со што вие ќе помогнете, а не вака со политички препукувања и со обвинувања, со добивање поени.

(И понатаму пратениците на СДСМ негодуваат)

Значи, реков, здрава дебата. Така е редоследот. Се друго навистина ќе биде злоупотреба на кризната состојба во Република Македонија, злоупотреба со која ќе се манипулираат граѓаните.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално за збор се јавува госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Претседателе, во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам половина час пауза.

(Бурно реагираат пратениците од СДСМ).

**Љубиша Георгиевски:** Половина час пауза.

(Паузата е дадена во 13,40 часот, но бидејќи времето зафаќа и од часот за пауза кој трае од 14,00 до 15,00 часот, претседателот на Собранието ги извести пратениците дека паузата трае до 15,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,16 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места, почнуваме со работа.

Во име на предлагачите на Информацијата за состојбата во Република Македонија во пожарите кои ја зафатија целата држава и давам збор на госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, господине претседател на Влада.

Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз денес сосема рационално и одговорно се откажа од седницата на која беа предвидени пратенички прашања до Владата, бидејќи длабоко сме загрижени за актуелната состојба околу пожарите што ја зафатија сериозен дел од територијата на Република Македонија. Социјалдемократскиот сојуз нема намера да критикува, или да ликува, или да се препукува како што кажа господинот премиер. Напротив, господине Груевски, предлагаме да ја споделиме и загриженоста, но и одговорноста околу справувањето околу оваа, навистина сериозна ситуација во која се наоѓа нашата заедничка држава. Собранието на Република Македонија има не само морална, туку и законска обврска предвидена во Законот за управување со кризи, активно да учествува во дејствијата кога во земјата е прогласена кризна ситуација. Но, вие господине Груевски се обидовте, се разбира со помош на претседателот Љубиша Георгиевски, спротивно на Деловникот без да чуете обрзложение зошто предлагаме ваква седница,

вие се обидовте да не обвините, да претпоставите дека ќе ве критикуваме, дека ќе ликуваме, дека ќе се препукуваме. Немавме таква намера. Немавме ни потреба, фактите доволно говорат. Фактите што од 18 јули кога прогласивте како Влада на Република Македонија кризна ситуација, до денес говорат дека ситуацијата не се подобрува, напротив, значително е влошена. Затоа токму овој законодавен дом, кој да ве потсетам ве избра вас како Влада на Република Македонија, како извршна власт да менаџирате и вакви ситуации, за жал и кризни ситуации, токму овде не дека вие бевте доволно доблесен да дојдете и да разговарате, овој законодавен дом во минатиот состав донесе Закон за управување со кризи. Токму на тој закон сте ја потпишале Одлуката со која Владата на 18 јули донесе Одлука за постоење на кризна состојба заради пожарите од широки размери. Цитирам: се повикавте точно на член 31 од Законот за управување со кризи, кој заради запознавање на јавноста и заради која токму ја свикавме и ја предложивме оваа седница, гласи: “Владата донесува одлука за постоење на кризна состојба, го определува подрачјето зафатено со кризна состојба и соодветно на тоа ги активира механизмите за разрешување”. Обрнете внимание господине премиер. За донесената одлука Владата веднаш го известува Собранието на Република Македонија и Претседателот на Република Македонија.

Владата, во вториот став вели: за активностите поврзани со Одлуката со која е прогласена кризната ситуација, најдоцна во рок од 48 часа усмено, а еднаш неделно и писмено го известува претседателот на Собранието и Претседателот на Република Македонија. Вие тоа не го сторивте. Од 18 јули до 26 јули, односно до денес, Собранието претпоставувам ни Претседателот на Република Македонија нема добиено никакво известување од ваша страна. Со тоа го повредивте, го прекршивте Законот за управување со кризи. Зошто Собранието предлагаме активно да учествува во оваа ситуација. Заради тоа што тоа е законска одредба предвидена во ставот 3 од истиот член на овој Закон. Вели Владата најдоцна за 30 дена по завршувањето на активностите утврдени со оваа Одлука, со Одлуката за кризна ситуација, изготвува и доставува писмен извештај до Собранието на Република Македонија и претседателот. Одлуката за постоење на кризна состојба не може да трае подолго од 30 дена, а може да ја продолжи само Собранието на Република Македонија. Ете токму затоа господине Груевски не очекувавме доблест или пројава на воша волја, очекувавме да го почитувате Законот од моментот кога во Македонија прогласивте кризна ситуација. Тоа се вика професионализам. Вие кога ве избравме не уверивте дека станува збор за технократска влада. Технократска влада претпочита професионализам во своето работење. За жал, до овој момент Македонија не го гледа тоа, односно не го чувствува вашиот професионализам, дури и во ваква тешки ситуации како што е оваа криза со пожарите.

Собранието, вели последниот став од овој член, и претседателот во секое време може да побараат усмен или писмен извештај за состојбата во областа за управување со кризи. Од каде произлегуваше вашата нервоза во моментот кога ве уверувам и убедувам со најдобра намера, иницираме, се откажавме од можноста како опозиција да претресуваме прашања поставени до вашата Влада, сметавме дека одговорна и конструктивна опозиција какви што сме, треба токму да го предложи ова. Да се откажеме од нашите прашања во интерес на граѓаните на Република Македонија. Но, вие во вашето експозе кое неправедено пред нас го изнесовте, и ако сметавте дека таков е редот, во овој законодавен дом господине Груевски, редот го одржува претседателот на Собранието, а не на Владата.

Токму вие не известивте дека во овој момент во Република Македонија беснеат 43 пожари. На 18 јули не знаеме колкав беше бројот на пожарите, за да споредиме, одиме ли во правиот правец, или треба нешто сериозно да менуваме.

Но, ќе започнам од Одлуката на Владата на Република Македонија потпишана од претседателот, т.е. од вас, објавена во “Службен весник на Република Македонија” број 90 од 19 јули.

Во членот 2 од оваа Одлука велите: “Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука, се активира Главниот штаб при Центарот за управување со кризи, кој ќе биде во постојано заседавање. Главниот штаб при Центарот за управување со кризи до 20 јули 10,00 часот, ќе изготви акциони планови за превенција и справување со пожари, како и целосен преглед за расположиви човечки и материјално-технички ресурси и план за координирана набавка на наменски материјално - технички средства”.

Дозволете мала дигресија. Вчера расправавме околу Ребалансот на Буџетот на Република Македонија, предложен од Владата на Република Македонија. Ни денар во програма противпожарна заштита. Од 18 јули до 25-ти, еве и до денес до 26-ти јули, пред нас не видовме амандман дека Владата не само што прогласила кризна ситуација, туку сериозно мисли да ја разреши. Не видовме амандман од ваша страна, со која ќе предвидите и материјални средства кои ќе бидат потребни за излез од оваа криза. Толку околу професионализмот, толку околу намерата Република Македонија да се справи со пожарите, кои загрозуваат не само човечки живот, туку и имот, личен имот на граѓаните, а и имот на Република Македонија.

Господине Груевски, не се сомневаме во вашата добра намера. Не се сомневаме дека ви беше не дај Боже да беше, обид дневно политички ситно да профитирате кога ги посетувавте подрачјата каде што беснееја пожари, бидејќи не смее така да биде. Тоа е сериозно обинување во една сериозна ситуација. Но, аматеризмот,

дилетантизмот, непрофесионалноста доведоа до расплamтување на нови пожарни центри во Република Македонија. Согласно Законот, имавте обврска, во Глава 6 вели, најпрво да извршите процена на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија.

Член 45 вели: заради планско, навремено, целесообразно и координирано донесување на одлуки, насоки и препораки, за преземање на мерки за превенција, како и најоптимално справување со кризна состојба, се изработува и донесува процена на загрозеноста на безбеноста на Републиката од сите ризици и опасности. Проценката ја донесува Владата.

Втор документ кој до сега не е објавен во Службен весник. Не постојат ниту акциони планови кој требаше да бидат донесени до 20 јули, не постои ни проценка на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија.

Третиот став вели: Владата со Уредба ја пропишува методологијата за изработка на проценката, нејзината содржина, структура, начин на чување, ажурирање, како и определување на субјектите во системот на управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од проценката. Нема проценка, затоа и нема излез, претпоставувам, иако изгледа на обвинување, меѓутоа ако ништо друго, го детерминира вашиот несериозен пристап кон вака сериозна проблематика.

Господине Груевски, најодговорно и најкомпетентно од оваа говорница можам да говорам за пожарот, што навистина толку блиску гореше и беснееше до градот Битола, што претеше да загрози и веќе одзеде еден човечки живот. Тоа беше на седница кога расправавме околу договорот, што вие како претставник на ВМРО-ДПМНЕ и господинот Ахмети како претставник на ДУИ го донесовте и на кој требаше да елаборирате. Ние како битолчани, сите пратеници добивавме навистина сериозни предупредувања од загрижени граѓани, дека Битола гори, дека огнот се наближува блиску до куќите и зградите во градот, а дека соодветни противпожарни возила и заштита не гледаат од кога се појави пожарот. Да потсетам, огнот започна да ја загрозува Битола во 14,оо часот. Лично ви донесов телефон да стапите во контакт со граѓанин од Битола во 21,оо часот и дури тогаш господине Груевски во мое присуство, се обидовте да побарате авио поддршка од соседните земји. Дури тогаш се соочивте со сериозната ситуација во која се наоѓа градот Битола.

За запознавање на јавноста, заминавме за Битола заедно со вас, јас и пратеникот Слободан Најдовски, бидејќи колешката Анета Стефановска беше замината пред нас. Ги посетивме кризните пунктови во градот заедно со вас и заедно со вас учествувавме во работата на општинскиот кризен штаб, во присуство на господинот Панде Лазаревски, во присуство на неговиот заменик, во присуство на генералот и сите компетентни стручни лица кои влегуваат во состав на општинскиот кризен штаб. Не смее никој да ликува со таква ситуација, не смее никој ни да помисли да профитира политички кога граѓаните се загрозени. Напротив, треба сите заедно, со свои идеи, со дебата како што во вашето експозе да речам прочитав, предлагате дебата. Господине Груевски, Законот ве обврзува да давате информација, а дебатата ја предложивме ние. Ве разбирам зошто е вашиот однос. На ваков начин, кога добивате навистина благородни иницијативи од страна на опозицијата, ви ги одземаме можностите да бидеме дежурен кривец секогаш кога покажувате неуспех во некоја работа. Тешко дека ќе може да ги убедите граѓаните кои се дирекно загрозени од последиците на пожарите. Значи, не требаше ние да предлагаме, Закон требаше да ве натера вие да не свикате и да барате седница на која ќе елаборирате што правите и каква помош ви треба од нас. Тоа е сериозен пристап, така требаше да работите господине Груевски.

Во рака држам заклучоци, на меморандум, од Владата на Република Македонија - Дирекција за заштита и спасување од 21 јули. Да потсетам. Одлуката што ја донесовте на 18 јули, со која прогласивте кризна состојба заради пожарите, ја става во второстепена улога Дирекцијата за заштита и спасување. Таа веќе претставува логистика, управувана од Центарот за управување со кризи. Тоа секому му е јасно се надевам, вакви алфа и омега, во мерките и постапките со кои се справувате со кризната ситуација.

Во овие заклучоци повторно точка 8 вели: Доколку неисплатените финансиски средства за надоместоците и другите трошоци за ангажирање на припадниците на силите за заштита и спасување ги надминат финансиските можности на Дирекцијата, истите да се надоместат од Буџетот на Република Македонија. И таков амандман не видовме. Значи, нема средства ниту за активностите на Центарот за управување со кризи, ниту за Дирекцијата за заштита и спасување. Не знам како ќе не убедите дека постапувавте правилно, а не мораше да мислите како. Во Законот е предвидено на секоја постапка секој чекор како Република Македонија требаше да излезе од овие кризи. Дури и во Одлуката предвидувате, не 30 дена дека ќе трае кризната состојба во Република Македонија, напротив, предвидувавте 14 дена и тоа стои во точка 4 од Одлуката. Осмиот ден минува, ситуацијата се влоши и тоа е факт. Мислите ли дека за шест дена, дај Боже да сте успешен, се обврзувам од оваа говорница да ви честитам на ефикасноста и на професионализмот. Дај Боже да е така. Но, за да не ризикуваме и да се малку тие дена, господине Груевски, бараме сериозен однос на премиер на Влада на Република Македонија. Вклучете ги сите државни капацитети и ресурси да излеземе од оваа криза. Тоа им го должиме на граѓаните кои не гласале и вас и нас.

Морам да се навратам до ситуација во Битола, бидејќи барам лична помош од вас. Претпоставувам тука не е господинот Љубиша Георгиевски, кој елаборираше, а третиот ден беше присутен во Битола од кога настана пожарот, значи третиот ден, па тој најкомпетентно кажа дека кога би можел градоначалникот Владимир Талевски се би сторил да не постои таква криза. Дека не е така, денес МИА јавува дека советникот од ЛДП, од Советот на општина Битола Горан Милевски, одржал прес, со голема компетентност, бидејќи советникот има комплетна обука за противпожарна заштита и е постојан член на противпожарната единица во општина Битола, која вели: дојде до израз амтеризмот и неспособноста на Владата за справување со пожарите.

Таа вели: "Дојде до израз аматеризмот и неспособноста на Владата за справување со пожарите. Наша забелешка кон партијата на премиерот господинот Никола Груевски е што парите на граѓаните не ги употребија за превентивно да делуваат во овие кризни моменти. Ние предупредивме дека високите температури може да предизвикаат ваква штета", кажа Горан Милевски и според него во Противпожарната единица во Битола се вработени само 29 пожарникари и од 1993 година немало оглас за вработување во оваа единица, а опремата е комплетно застарена.

Јас морам да споделам и со вас, но и со македонската јавност дека советниците Милевски и Диневски бараат во буџетот на Општина Битола да се предвидат средства за доопремување на Противпожарната единица во Битола. Градоначалникот Талески немаше слух, не издвои ниту денар за репарирање на возниот парк на Противпожарната единица, но затоа пак тој е единствениот градоначалник во Република Македонија кој си нарача за свои лични потреби како градоначалник Ауди А-6, патничко возило кое чини 60 илјади евра.

Господине Груевски, со оглед на тоа што станува збор за градоначалник припадник на вашата политичка партија барам да го повикате на лична одговорност, бидејќи тој ќе мора пред граѓаните на Општина Битола, кои толку време ги изложивте на паника и стрес заради можната опасност, треба да поднесе своја лична одговорност.

И сосема за на крај, ќе се навратам и ќе го цитирам она што вие го кажавте пред прекинот на седницата. "Ние во Владата со крајни напори се справуваме со денонoќна работа, се справуваме и се обидуваме да ги спречиме штетите во шумите, да ги спречиме загрозувањата на човечките животи, значи вие" претпоставувам ние како опозиција "треба да ни помогнете, а не да ни одмогнете, не да го утепате денот во политички препукувања".

Не, господине Груевски, не ви држи вода оваа теза. Јас мислам дека и те како ви помогнавме, бидејќи очигледно ниту сте го прочитале Законот за управување со кризи во моментот кога ја потпишувавте Одлуката со која предоживте кризна ситуација и се надеваме и очекуваме и бараме од вас да постапувате согласно одредбите на Законот за управување со кризи, ни повеќе, ни помалку. Барам еднаш неделно да доставувате извештаи до Собранието на Република Македонија и до претседателот, онака како што тоа од вас го бара Законот за управување со кризи, кој за жал не го имате прочитано. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Како претседавач морам во едно нешто а ве исправам, бидејќи не сакав да ве прекинам додека зборувавте. Имено, кажавте дека од Владата претседателот не е известен за кризната состојба. Во рака го имам известувањето од Владата на Република Македонија дека на седницата на Владата одржана на 18.07.2007 година е донесена Одлука за постоење на кризна состојба заради пожарите од широки размери. Ова е само заради тоа што беше кажано.

(Укажување на пратениците со зборовите: "не сме го добиле тоа").

Претседателот го добил. Збор беше дека претседателот не добил известување.

Сега му давам збор на господинот Никола Груевски, претседател на Владата на Република Македонија, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам потпретседател на Собранието.

Почитувани пратеници, се случуваат такви грешки понекогаш, ете, не била информирана госпоѓата Бендевска. Инаку, како што кажавте, штом ја донесе Одлуката за кризна состојба, Владата уште истата вечер го извести господинот Бранко Црвенковски и претседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Љубиша Георгиевски, согласно Уставот и законите.

Благодарам за можноста да изнесам пред пратениците една информација за состојбите со новонастанатата состојба во Република Македонија по избувнувањето на многу пожари, кои дефинитивно заземаат широки размери и создадоа сериозна ситуација во Република Македонија. Изминативе денови максимално сме посветени и концентрирани на решавање на ова прашање. Ќе дадам една кратка хронологија дека посериозните налети на пожари започнаа на 14 јули во пределот на Криволат кон штипскиот регион, на 16 и 17 јули се случи пожарот кај Осломеј кај Куманово. Веќе на 17 јули отпочна зголеменатa активност на Центарот за управување со кризи,кој и претходните денови работеше со полна пареа, меѓутоа, веќе од 17 јули почна да делува под посебни услови. Веќе на 18 јули Владата расправаше на седница, согледувајќи ги состојбите, меѓутоа, предвидувајќи ја и натаму ситуацијата и прогласи кризна состојба. За тоа како што кажав пред малку, согласно Законот и Уставот на Република Македонија го информираше господинот Бранко Црвенковски и господинот претседател на

Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски.

Она што се случува во изминатите денови, што можев набрзина да го подготвам бидејќи за жал немавме најава дека ќе ја имаме оваа седница денес, така што моравме на брзина да побараме неколку податоци по телефон, е дека имаме во просек повеќе од 30 пожари дневно. На пример, од 8,00 часот завчера до вчера до 8,00 часот сабајле имаше 26 пожари, додека од вчера од 8,00 часот до утрово до 8,30 часот имаме 43 пожари, а во моментот има и неколку пожари повеќе. Подоцна ќе зборувам многу подетално за нив.

Пожарите опфаќаат големи површини меѓу 5 и 800 ха. На пример, кај Давидово е 600 ха и тн., значи има помали и поголеми површини, но во секој случај многу значајни. Во моментот има на голем број локации кои подоцна ќе ги рожитам пожари, од кои се чини дека во моментот најсериозни се и најкритично е во делот на Миравци и во беровско-пехчевскиот дел, иако и на многу други места состојбата е сериозна.

Понатаму, би споменал неколку локации кои се важни во смисла како важни пунктови од страна на државата, а тоа е Осломеј каде пожарот е активен, но е локализиран, понатаму РЕК Битола каде што е активен, но на некој начин е локализиран и нема опасност да се прошири кон РЕК Битола затоа што се движи кон Стрежево - езерото. Понатаму, репетиторот кај Црн Врв, таму пожарот е спречен околу репетиторот, а постоеше голема опасност да биде зафатен. Сега пожарот е префлен кон светиниколската страна, и тн. и тн., значи има голем број на пожари.

Како што беше споменато во претходните денови, постојат сомневања дека голем дел од овие пожари намерно се предизвикани. Министерството за внатрешни работи активно работи на нивно разоткривање, односно разоткривање на лицата кои се учесници во такви ситуации, па така, веќе има четири лица на кои судот им изрече притвор, на три лица им изрече притвор во времетраење од 30 дена и денес во беровско-пехчевскиот регион, по интервенција на полицијата и предавање на одреден лице на обвинителството односно судот, Судот му одреди притвор од 10 дена под сомнение за сторено дело предизвикување на шумски пожар.

Освен шуми, во овие денови беа зафатени и неколку куќи, плевни, во делот на Миравци, кичевско, битолско и во други делови и она што би го кажал е дека практично во овој период извршивме максимална мобилизација на сите сили што во државата можат да се ангажираат, за да се спречи оваа природна катастрофа.

Сакам да напоменам дека ситуацијата и во целиот регион е многу критична заради високите температури и заради небрежност на човечкиот фактор. Практично ќе речам дека гори целиот регион. Во Грција има некоја статистика, 145 пожари дневно, во Бугарија исто така има многу и бараат помош од сите страни за гаснење на пожарите, Србија е речиси во иста ситуација, Хрватска се справува со многу пожари, понатаму, Турција исто така има доста пожари, Албанија, така што целиот Балкан се соочува со една невообичаена стихија за која вчера слушнавме и во меѓународните медиуми дека  таква немало во последните 100 години.

Како и да е, ние со сите сили како што спомнав се соочивме со ситуацијата и се бориме со неа со сите сили. Она што го направивме е прво, сите домашни капацитети ги ставивме на располагање. Тргнавме од сите пожарникарски служби во Република Македонија, понатаму ангажман на војската, за што досега се ангажирани околу 900 војници, најпрво беа 420, на вонредната седница на Владата во петокот, меѓутоа, веќе во понеделникот кога ситуацијата беше уште поалармантна, особено со започнувањето на пожарот во Битола, дополнително одлучивме заедно со министерот за одбрана да побараме од господинот Црвенковски да дозволи дополнителен ангажман на војска, така што во моментот околу 900 војници исто така се приклучени. Исто така, во многу места вклучено е и локалното население, организирано од Дирекцијата за заштита и спасување, која изврши мобилизација на целиот свој расположив капацитет. Моментално во Република Македонија дејствуваат 121 возило, меѓу кои има набавни возила, цистерни и други возила кои се употребуваат во гасење на пожарите, реков околу 900 војници, 121 возило.

Она што го направивме на почетокот, веднаш активиравме она што можеше да се најде како летало во Република Македонија, а тоа беа три авиони со носивост на вода од еден ипол тон вода, меѓутоа, тоа не беше доволно и моравме да побараме помош од странство, така што добивме помош од Хрватската Влада, тие испратија еден авион “Канадер” со носивост од  6 тони вода. Денес веќе стигна и италијански Канадер  со носивост  исто таква, вчера стигна и турскиот авион Канадер, така што тие почнаа веднаш по пристигнувањето во Република Македонија да дејствуваат и би рекол дека завршија многу голема работа. Покрај ова, побаравме исто така помош од Република Словенија и од таму од вчера е пристигнат хеликоптер и дејствувал во гансењето на пожарите соносивост од 2,5 тони вода. Понатаму дејствуваат двата хеликоптери на Армијата на Република Македонија, кои имаат опрема за тоа, имаат таканаречено ведно и еден кој што е без ведро и кој што служи за други активности, извиднички и други активности. Како што споменав, активен е словенечкиот хеликоптер, понатаму, Туција исто така спрати еден целосно опремен хеликоптер за гаснење на пожари. Очекуваме и од други држави помош, со кои овие денови сме во разговор и со овие капацитети, како и со одредена помош што ја добивме во цистерни од Грција и со овие капацитети практично овие денови државата се справуваше со огнената стихија, која како што

кажав е незапамтена до сега во Република Македонија.

Исто така, би напоменал дека заради сушната година уште од април месец во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно законите е организиран штаб кој ги следи состојбите со сушите и можните последици од нив и презема одредени активности.

Дополнително на сето ова, можеби не е значајно за овој момент, ова можеби ќе биде актуелно еден или два месеци подоцна, но гледајќи какви штети настануваат, на вчерашната седница на Владата, меѓу останатото, Владата донесе Одлука за ангажирање поголеми средства по завршувањето на пожарите да се премине на фаза на пошумување на местата каде што се изгорени шумите и за тоа ќе биде издвоена посериозна сума на пари од Буџетот.

Сега ќе се осврнам на неколку детали за кои има потреба да бидете информирани, а тоа е состојбата со одредени пожари поединечно. Со Информацијата што ја имам добиено за пожарите кои се активни или под контрола, или локализирани до 12,00 часот денес, од Центарот за управување со кризи ме информираа дека имаме шумски пожар во пределот Сува Гора. Проширен е кон Луковица, Седларево и Грговница, а од другата страна кон Јасен 120 ха шума е исто така запалена. Ангажирани се голем број на лица припадници на Армијата, припадници на другите институции во државата и лицата се стационирани во објектите на Јасен повеќе денови. Пожарот е активен и се менува состојбата зависно од ветровите, кон Горно Ивање, кон Матка и тн. Исто така во пределот на Сарај и во тетовскиот предел во делот повторно на Сува Гора, но на северозападната стрмна страна на селата Раовиќ и Мерово пожарот е стивнат во утринските часови, меѓутоа сеуште е активен, но под контрола.Ангажирани се поголем број на лица кои се активирани во негово гасење како од институциите така и од месното население, се разбира и возила на противпожарните екипи. Исто така, имаме шумски пожар во делот на селото Стрмница и селото Долна Лешница. Ангажирани се, покрај луѓето што се задолжени за таа работа, дополнително 100 лица од месното население. Понатаму, шумски појас кај делот Скопје-Велес, Катлановска брезница и падините на Градиштанската планина кон Црн Врв, на терен има 14 возила со 70 пожарникари, 10 лица исто така од Свети Николе, 60 војници од Штип и три авиони од 1,5 тон носивост, опожареноста е на околу 1000 ха.

Во Прилеп кај месноста Борова, кај репетиторот на Македонската телевизија има 10 лица кои работат на гаснење на пожарот од институциите и дополнителни шест лица од Шумската полиција. Во 04,00 часот изутрина ангажирани се дополнителни 30 луѓе од другите институции, така што има голем број на лица кои во моментот работат на гаснење на пожарот, а опожарени се 100 ха.

Во село Кошино и село Дебреште - прилепско ангажирани се 13 лица од локалното население, пет лица од Јавното претпријатие Црн Врв, санитет со 4 лица, 30 лица од Дирекцијата за заштита и спасување, други 10 лица од Македонски шуми од Македонски Брод, пожарникарски екипи и пожарот е ставен под контрола. Не се исклучува обнова, меѓутоа, сега за сега е под контрола.

Во делот на село Сушево на терен има повеќе пожарникари, неколку возила, вклучено е и месното население, работници од претпријатието “Беласица”, опожарени се околу 300 ха, пожарот е активен и се работи на негово гаснење.

Во делог на Гевгелија, односно во тој регион во местата Јавовица, Клисура, во село Удово и во Миравци интервенирале припадници на “Кожув” и 10 лица од локалните институции во Гевгелија со две цистерни на Комуналец-Мираци, со багер, Дирекцијата за заштита и спасување во Гевелија со 11 лица, а опожарен е регион од 600 ха и неколку помошни објекти во селото Миравци.

Двата хеликоптери на Армијата на Република Македонија, интервенирале после гаснењето кое што го правеле во Берово, се префрлиле во делот на овој регион. Пожарот е активен и се работи на негово гаснење.

Понатаму, во селото Рабетино 30 војници се ангажирани, 1 цистерна, две пожарни, дополнителни други пожарникари од околните места, помагаа од институциите. Пожарот е стигнал на 100 метри од селото и во моментот е активен, но се работи на негово гаснење.

Во селото Калапетровци, исто така има активен пожар, ангажирани се 30-тина лица од институциите, плус локално население, плус возила за противпожарна.

Во селото Горно и Долно Јаболчиште Велешко опожарени се 6 хектари, голем број на лица од институциите и од месното население се вклучени во гаснењето како и хеликоптерот кој што е ангажиран од Словенија. Пожарот е локализиран.

Понатаму селото Лакавица, Куново, Беловиште 200 хектари шума се опожарени, пожарот е активен. Ангажирана екипа од Македонски шуми, од Гостивар, од Дирекцијата за заштита и спасување, од месното население и еден вод на Армијата на Република Македонија.

Во делот на селото Братин Дол, Раштани, според информациите опожарени се 1000 хектари таму имаме и едно починато лице во селото Раштани. Пожарот е локализиран меѓутоа не се исклучува повторно распламтување во зависност од временските состојби. Ангажирани се на тоа место два канадери авиони, понатаму, сите можни служби во државата тргнувајќи од Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, РЕК Битола, Армијата на Република Македонија, екипи од јавните претпријатија од градот, доброволци од месното население, противпожарни бригади од Битола и од околните градови како и од Репубика Грција. на терен се екипи на Брза помош, така што

состојбата сега за сега таму е смирена, меѓутоа се уште постои опасност.

Кичево, спорд информациите исто така кај селото Осломеј има пожар кој што е под делумна контрола, и на кој што исто така се испратени возила, пожарникари и 30 преставници на Дирекцијата за заштита и спасување.

Селото Ореше, Бистрица, опожарена е дабова шума. Интервенирале луѓе од делот кај Бабуна, од месното население и од институциите. Таму има тешкопристапен терен. Се шири кон селата Капиново и Црешево, Овде имаме активен пожар на кој што активно се работи на негово гаснење.

Кај селото Туденце  и Сиричино опожарени се 30 хектари ниско и високостеблеста шума, ангажирани се 60 војници на Армијата на Република Македонија, 32 припадници на селото Сиричино, багери, десетина лица од Дирекцијата за заштита и спасување, цистерни од противпожарните бригади.

Во делот на селото Раец има опожарено ниско стеблеста шума и габер. Ангажирани се 14 вработени од "Бор" Кавадарци и 80 од Дирекцијата за спасување и заштита, работни машини, возила за гасење пожар. Опожарени се 60 ехтари.

Во селото Смоимирово борова шума од 250 хектари е опожарена. Ангажирани се војници од АРМ, од локалните претпријатија. Вкпно 250 лица од институциите. Ангажиран е хеликоптер на Словенија и два на АРМ.

Во делот на селото Дрен селото Смолани, Царевиќ, ангажирани се голем број на лица, приближно 100 лица од различни профили и од различни институции. Пожарот е активен и се работи на негово гаснење.

Понатаму, во селото Мала Река, Преслап, Китка, ангажирано е едно возило за гасење на пожар и екипа на противпожарните бригади.

Во селото Раштак, Љуботен, ангажирани се 15 пожарникари, месно население, 30 војници. Зафатена е  ниска шума од околу 100 хектари. Пожарот е активен, се работи на негово гаснење.

Понатаму, во делот на Света Петка ангажирано е едно визило. Вклучено е месното население, локалните претпријатија.

Потоа селото Моин, Костова Чука, опожарени 10 хектари, ангажирани се повеќе од 10 пожарникари, 20 лица од локалните институции и дополнителни лица од Дирекцијата за заштита и спасување.

Селото Челопек, испратена е една цистерна и таму има пожар кој е активен. Вклучено е дополнително лице од Дирекцијата за заштита и спасување и од месното население.

Во делот на Тетово има 4 села, селото Доброште и селото Одри, понатаму селото Волковија и селото Чегране, ангажирани се противпожарни бригади и лица од месното население.

Во Гостиварскиот дел селото Чајле и Балин Дол, опожрени се 2 хектри и ангажирани се голем број на екипи кои работат на пожарот што е локализиран.

Во селото Бањица опожарени се 4 хектари, ангажирани се екипи на локалните институции. Пожарот е локализиран, според информациите што се доставени со состојба во 12,00 часот. Значи, сето ова е со состојба во 12,00 часот денеска.

Во селото Шталковица и Турско Рудари исто така се опожарени 20 хектари, ангажирани се сили од Пробиштип, од Македонски шуми, од Дирекцијата за заштита и спасување.

Понатаму, во селото Грдовци имаме пожар што е локализиран, ангажирани се поголем број на луѓе на негово гаснење.

Во селото Рајчани во Осогово ставен е под контрола, според информациите пожарот до 12,00 часот.

Во селото Ратево 6 хектари Борова шума, ангажирани се екипи од Берово. Пожарот е локализиран.

Имаме пожар во Селото Истибања, Виничко, и Јакимово. Ангажирани се екипи. Пожарот е ставен под контрола.

Во Битолскиот крај селото Трновци, Свети Тодо и е и село Подино. Опожарени се 60 хектари, ангажирано е месното население, ангажирани се додатни екипи од институциите. Потоа селото Мегленци, опожарени 200 хектари густа борова шума, ангажирани сили од воздух, два канадери, авиони и еден хеликоптер од АРМ како и три мали авиони од "БОНИ ЕР", од Дирекцијата за заштита и спасување. Ангажирани се луѓето од РЕК Битола и од јавните претпријатија од градот Битола.

Понатаму, селото Сово Орах опожарени 5 хектари шума, ангажирани лица од локално население и други лица во гасење на пожарот што во 12,00 часот е локализиран. Состојбата во 12,00  е дека е локализиран.

Во изминатите денови има пожари во Патишка Река, Ќафасан, селото Пискупштина, Кукуречани каде е дојден на 50 метри од куќите на црквата. Потоа селото Поповјани, Туин. Пожарот се шири кон Јагол, Доленци, ангажирани се возила на противпожарникарите, пожарникари, лица од месното население.

Селото Белчишта, каде што постои опасност по фабриката за појаси. Ангажирано е возило и таму за гасење на пожар со екипа од Охрид. Пожарот е активен.

Понатаму, Митрови Крсти, Лакавица, фазанерија, опожарени  200 хектари дабова шума смреки и ливади. Од Македонски шуми се ангажирани од месното население, од Армијата на Република Македонија и од други институции.

Селого Негорци, ангажирани се  6 лица од институциите, дополнителни лица од  месното население. Селото Мокрино и Смолари каде што има активен пожар, се работи на негово гаснење.

Селото Рашче каде има борова шума, испратено возило од противпожарната бригада, селото Осиче.

Тоа се поголем дел од пожарите. Не може буквално сите да се опфатат затоа што ситуацијата од момент во момент се менува.

Она што Владата на Република Македонија дополнително го презема тоа е набавка на дополнителни цистерни за гаснење на пожарите, две за шумски пожари, едно 20-тонско возило и дополнително две, точно не ги знам карактеристиките, знам дека донесовме одлука за дополнителни пет возила, доколку има потреба и доколку се побара најверојатно ќе донесеме одлука за уште поголем број на возила да се набават.

Владата на Република Македонија на вчерашнаа седница расправаше неколку часа за состојбите. Заклучивме исто така дека треб да се продолжи со барање на летала, од државите кои што можат да ни помогнат. Но исто така, да не се губи време се бараат, што не е лесно да се најде затоа што барани се од многу земји летала, авиони и хеликоптери да ги изнајмиме и на комерцијална основа за да се забрза гаснењето на пожарите во што е поголем дел од територијата на Република Македонија.

Така што, уште еднаш сакам да потенцирам дека сите сили во Република Македонија се ставени во готовност, се работи максимално на трен, Центарот за управување на кризи заседава 24 часа, работи нон стоп, нон стоп ја контролира ситуацијата, се работи по сите правилници по сите процедури кои што се основани. За жал, тоа што го наследивме не беше многу опремен во претходните година ипол, меѓутоа забрзано се работеше во изминативе месеци на опоремувње на Центарот за управување со кризи и Центарот врши координација на состојбите како и Дирекцијата за заштита и спасување.

Спомнав дека Министерство за внатрешни работи активно работи на разоткривање на случаиете каде што имаме намерно запалување на пожари. Јас од оваа говорница би апелирал до сите граѓани на Република Македонија да бидат внимателни случајно да не им се случи да предизвикаат пожари, затоа што температурите што ги имавме деновиве навистина малку бараат, мала невнимателност за избувнување на пожар на цела планина. Правење на огромни материјални штети. Исто така, потенцијална опасност за жртви и навлегување на пожарите во села и градови.

Од Дирекцијата за заштита и спасување ми доставија целосна листа на се што имаат на располагање во делот на опрема за гаснење на пожари. Ние сме во комуникација со нив. Целокупната опрема, инструментариум е ставен на располагање. Така што, војската, како што реков е излезена на терен. Околу 900 војници. Доколку има потреба ќе бидат ангажирани и дополнително. За сега тоа се потребите што се бараат на терен.

Во Владата редовно се следи состојбата. Јас лично, секојдневно, повеќе часови во денот се ангажирав за добивање на информации. Понекогаш и одредена кординација, кога е тоа потребно, како во земјата, така и во насока на барање помош од другите држави во гаснењето на пожарите.

Центарот за управување со кризи има подготвено детаљи околу нивните капацитети, цистерни, теренски возила, итн., што сите до еден се ставени во целосна употреба и готовност.

Практично, со ова би приврвшил, ќе потврдам дека се што е во моќ на Владата на Република Македонија, на Центарот за управување со кризи, на Дирекцијата за заштита и спасување, понатаму на противпожарните бригади во Република Македонија на кои посебно треба да им се честита за многу напорната работа во изминатите денови, за пожртвуваното дејствување. Навистина, завршија голема работа. Во опасност беа многу луѓе, многу села, дури некогаш и градови, во опасност беа многу клучни точки за државата, како што репетиторот Црн Врв, како што беше РЕК Битола и РЕК Осломеј. Навистина пожртвувано навистина неспиејќи по неколку ноќи работеа на терен во гасењето на пожарите. Навистина, завршија една голема, голема работа.

Како и на сите ангажирани луѓе преку Дирекцијата за заштита и спасување, преку Центарот за управување со кризи и на месното население, секаде каде што се вклучени активно во гасење на пожарите.

На Армијата на Република Македонија, на полицијата, на градоначалниците, посебно на градоначалникот на Битола, кого го гледав како ден и ноќ работеше во организација на гасење на пожарите.

Онаму каде има посериозни пожари формирани се кризни штабови. Конкретно, јас присуствував на Кризниот штаб во Битола, кога присуствуваше и претходната говорничка, каде се преземени сите мерки. Одредена е хиеархиска поставеност на сите лица, кои треба да дејствуваат за различни работи. Задолжени луѓе за организација на пожарите, задолжени луѓе за организација на месното население, задолжени луѓе одговорни за организација на механизацијата и распоред на механизацијата, луѓе задолжени, не знам, можеби од најбанални работи но сепак важни, снабдување со храна и вода на луѓето кои ги гасат пожарите. Практично, комплетно, сите можни мерки се преземени во овие делови.

Мислам дека е непристојно кога луѓето даваат се од себе, кога 24 часа работат, дали станува збор за градоначалници или станувало збор за луѓе кои се во нивната организација, непристојно е да се злоупотребува политички, да се каже дека не работеле или дека немале добр координација, затоа и јас лично се убедив, кога бев во Битола, дека ангажманот беше 100%-тен дека сите сили се ангажирани, дека има одлична организација и дека, како резултат на тоа имаше прогрес во

гасењето на пожарот, спречување на поголеми закони.

Што се однесува до ромското население во Битола, како што кажав претходно, само што заминав во Битола, ги посетив. Ги видов состојбите. Тоа беше потоа веднаш евакуирано. Подоцна дознав дека било во делот на ЈП Стрежево, преместено, така што луѓето се на безбедно, така што во секој случај, да не се случи да наиде пожарот во тој дел, обезбедена е храна, пијалоци и се што е потребно за нив. За сега тоа се оние кои се евакуирани.

Сакам да изразам јавна благодарност до сите држави кои ни излегоа во пресрет во изминатите денови, до Словенечката Влада, до Хрватската Влада, до Турската Влада. Со нивните премиери лично разговарав по телефон замоллувајќи ги за итна помош во понеделникот. Тоа беше со премиерот на Турција заедно со господинот Аднан Ќахил имавме подолг разговор со него. После тој разговор испратени се еден авион канадер и еден хеликоптер. Имав разговори и со Хрватскиот премиер, Словенечкиот премиер. Со други луѓе кои можат да помогнат. Така што, сакам да изразам јавна благодарност до сите влади кои помогнаа до Италијанската, до Хрватската, до Словенечката, до Турската, до Грчката, која преку некои капацитети во Лерин помогна и на сите други кои не ги спомнав а кои на некој начин помагаа. На луѓето од КФОР, стационирани во Приштина и на сите оние кои дадоа одреден помал или поголем придонес во спречување на оваа катастрофа, што, како што можевме да видиме во статистиките, повеќе од 100 години не се случила на овие простори на Блканот. Како што некаде прочитав дека волку високи температури, вакви пеколни горештини и вакви пожари од ваков размер навистина немало повеќе од еден век. Или, можеби од времето кога почнале да се мерат температурите воопшто во оваа мерна единица во која што се мерат сега.

Благодарност до сите вас кои покажавте интрес за оваа тема. Подготвен сум на сите прашања на кои можам да одговорам, да одговорам. Подготвен сум исто така, да ги слушнам вашите идеи, вашите сугестии, и со заеднички напори, со заеднички сили да продолжиме во овие активности што го зафатија целиот регион, вклучувајќи ја и Република Македонија, што очигледно и во наредните денови ќе бидат во Република Македонија.

Некој спомна зошто сме прогласиле 14 дена криза а не 30 дена. Прогласивме 14 денови, доколку има потреба ќе биде продолжено. Доколку се бара и повеќе од 30 денови, се разбира дека согласно законите и Уставот, ќе бараме Парламентот тоа да го овозможи. До 30 дена нема потреба, согласно Законот и Уставот да бараме таква согласност од Прламентот. Така што, работиме согласно Уставот, согласно законот, согласно сите наши обврски како луѓе на одговорни функции, како луѓе кои со целиот свој морален и етички кредибилитет прават се што е во нивни можности да се спречат состојбите.

Да дополнам дека, исто така, побаравме помош од експерти, така што од две држави ќе ни стигнат специјализирани лица кои со години работат на таа проблематика, кои имаат многу поголемо искуство од нашите експерти, иако и во Македонија има многу експерти кои, навистина, во изминативе денови дадоа максиму. Но, секогаш има и подобро и повеќе, така што неколку експерти, мислам дека еден беше од Австрија и еден од Шведска пристигнуваат во Република Македонија да помогнат во делот на организација, во делот на методологијата на гаснење на пожари, да ги дадат своите долгогодишни искуства, научни искуства, теренски искуства во гасењето на пожарите.

Уште еднаш да се заблагодарам на сите Влади кои помогнаа, како и Вам, на вашиот интерес.

Благодарам, останувам отворен за сите прашања, сугестии, критики и идеи.

(Аплауз)

**Бесим Догани:** Благодарам, госпдоине Груевски.

Госпоѓо Бендевска вие барате збор во име на предлагачите.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе. Со задоволство го ислушав првичниот извештај од страна на претседателот на Владата на Република Македонија и му благодарам.

Ќе започнам од крајот. Подготвивме заклучоци кои треба да произлезат од оваа седница. Еден од нашите предлози беше токму ангажирање на експерти, бидејќи очигледно ниту имаме исксутво, ниту сме се нашле во ваква сериозна ситуација и тоа е добро и го поздравувам што и претседателот тоа го предложи и веќе го сторил. Тоа е добро. Значи, се надевам дека ќе умеете, особено претставниците на владеачкото мнозинство да видите дека кога се работи за добри предлози апсолутно стоиме зад вас господине премиер, бидејќи вие сте и наш премиер, не само на вашите сопартијци.

(Аплауз)

За жал, многу ретко го манифестирате тоа, но ние сосема професионално ќе продолжиме да си ја работиме својата работа. Одговорни сме, конструктивни сме. Џабе ви беше паниката и плашењето.

Сега ќе преминам на нешто што во име на предлагачот сакам дополнително да го поставам.

Господине Груевски, со оглед на тоа што е најсериозна ситуација до сега, се надевам и дај боже да биде последна, беше пожарот во градот Битола. Бидејќи вие со оглед на тоа што го искористивте отсуството на Љубиша Георгиевски кој е задолжен да го брани ликот и делото на градоначалникот Телевски, ќе ве молам да ги проверите фактите. Значи, поставувам прашање, бидејќи паниката која произлезе со пожарот во Битола беше предизвикана токму од сознанијата дека најзагрозениот пункт беше околу пумпата на Лукоил која минатата среда, поточно на 18 јули ја отвори лично претседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Љубиша

Георгиевски. Таму пожарот се приближи на опасна близина. Бевте лично сведок заедно со цела делегација која отидовме, дека навистина ситуацијата беше критична. Значи, се работеше за близина од околу 20 метри воздушна разлика. Дали е точно господине Груевски, бидејќи ова ми беше едно од моите пратенички прашања. Ќе ве молам, согласно Законот да ја видите главата кој врши инспекциски надзор, да ангажирате служба да ги провери наводите кои навистина внесоа паника во Република Македонија, дека дадена е дозвола за пуштање во употреба на пумпа на Лукоил без соодветна противпожарна заштита, односно без постоење на соодветен хидрантен систем.

Моето прашање е, дали некој, а се знае кој, се знае кој дал градежна дозвола на тоа место Лукоил да отвори пумпа, ја ставил во диреκна опасност општината Битола. Сознанијата понатаму велат дека до колку дојдеше до експлозија на резервоарот за плин количеството беше доволно да усмрти секаква жива сила во радиус од 9 километри. Бидејки опасноста е надмината, нема никој намера да внесува паника. Но, ако е така , очекувам господине Груевски од вас на идниот извештај кој сте должен пред нас да го доставите, да одговорите на ова прашање. Ова беше она што се зборуваше низ битолската чаршија, ова беше тоа што внесе навистина сериозна паника пред граѓаните на Битола. Ви благодарам.

Се надевам госпоѓо Јаневска дека ќе го искористите вашиот креативен потенцијал.

**Бесим Догани:** За реплика на излагањето на госпоѓа Бендевска се јави пратеникот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани колеги, почитувани членови на Владата.

Се согалсувам дека Македонија, нејзините шуми и вкупниот простор во Република Македонија се наоѓа во една опасност, во една ситуација каква што не е видена до сега. Ги видовме статистиките. Се работи за најсушното лето во изминатите 150 години. Во целата оваа ситуација јас акциите на институциите ги делам како одговорни и како неодговорни. Каде ја гледам одговорноста, каде ја гледам доблеста, каде го гледам професионализмот и пожртвуваноста? Тоа го гледам во сите оние луѓе кои што ги гасат пожарите, во сите оние луѓе кои што секој ден, секој ден повторно и повторно се во битка со огнената стихија и луѓето кои што исто така им се приклучуваат. Се работи за стотици, стотици, па дури и илјадници македонски граѓани кои што се вклучени во гасењето на овие пожари. Мислам дека во овие моменти ја гледаме и солидарноста помеѓу македонските граѓани.

Каде ја гледам неодговрноста,каде го гледам запоставувањето, каде го гледам она, едноставно што апсолутно не е добро и неодговорно. Неодговорноста во време на овие пожари кои што се незабележани ја гледам кај Радмила Шекеринска која што веќе две недели е во Флорида, во Калифорнија, во Масачусец и на други места. Во шефот на Генерал штабот кој што 5 дена беше потребно да го донесеме од Златни Песоци од Бугарија да се врати во време кога војската ја води битката со огнената стихија. И господинот Бранко Црвенковски кој што две недели веќе е во Охрид и не мрднува со прст. Таму ја гледам неодговорноста, таму ја гледам несолидарноста, таму го гледам она што се нарекува неодговорно однесување. Значи, во оваа ситуација кога половина Македонија гори, имаме ситуација каде што уште еднаш лидерот на опозицијата Радмила Шекеринска е на Флорида, во Калифорнија или во Њујорк, или во Масачусец, шефот на Генерал штабот 5 дена требаше да дојде од Златни Песоци од Бугарија да се врати во Македонија, а Бранко Црвенковски врховнио ткомандант веќе 15 дена е во Охрид, па видовме вчера дури и дека направил таканаречена посета на Охридскиот градоначалник. Таму ја гледам неоговорноста за која што до сега зборував. Значи, мислам дека имаме истовремено и ситуација каде што во противпожарните друштва со години, 30 години наназад не е купена опрема. А мислам дека тука одговорноста е повеќе од јасна, одговорноста за немање опрема е и кај оние кои што ја опљачкаа Македонија во оваа транзиција.

**Бесим Догани:** Благодарам, госпдоине Ѓорчев.

Контра реплика госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевск:** Благодарам.

Еве, вака изгледа неконструктивност во состојба кога се соочуваме со сериозна криза, за ова народот вели: село гори, баба се чешла. Влатко Ѓорчев ја кажува својата научена рецитација.

Почитувани пратеници, СДСМ од Битола на 24 одржа итна седница на која прогласи кризна ситуација 24 часовно дежурство и ги стави на располагање целокупниот свој човечки и друг потенцијал на располагање на општинскиот кризен штаб раководен токму од градоначалникот Талевски. Известена е јавноста. Вака се однесува сериозна партија и кога е опозиција. Вака господине Ѓорчев, со конкретни предлози кои ги спроведе во дело.

**Бесим Догани:** Процедурално господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе. Навистина многу кратко процедурално, иако мислев дека вие, или премиерот ќе ги дисциплинира своите пратеници.

Процедурално мојата забелешка е дека одсега па натаму и на оваа седница и на некои други кога пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ќе искажуваат лаги, невистини и манипулации, тоа да го прават некриејќи се зад пратеничкиот имунитет и зад оваа говорница. Тоа да го кажат надвор, бидејќи во таква ситуација господинот Влатко Ѓорчев ќе заработеше веќе кривична пријава за клевета и ќе му се придружи на господинот Илија Димовски од ВМРО-ДПМНЕ за кого што истата кривична

пријава за лагите и клеветите искажани вчера веќе ја доби, бидејќи СДСМ ја поднесе. Бидејки на оваа говорница во континуитет се искажуваат лаги, навреди и невистини од типот кој, каде бил, а не вистината, ќе се надевам дека ако навистина е убеден во тоа што го говори почитуваниот колега пратеник Ѓорчев, веднаш тоа да го каже пред плавото пано за да можеме да спроведеме правна постапка понатаму.

**Бесим Догани:** Процедурално госпоѓа Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Почитуван потпретседателе, бидејки имам чувство дека после една ваква кризна состојба, втората состојба се вика вонредна, третата состојба се вика воена според Зконот, не дај боже. На вакви седници имаме две сценарија кои можеме да ги предложиме. Првото е да имаме ваква седница, таа да биде итна. Овој пат им благодарам на предлагачите што ја свикавме, благодарам на претседателот на Собранието што ја дозволи. Премиерот има пледоаје за состојбата. Немаме ригидни отстапувања од членовите на Законот, ама буквално немаме. Дури имавме во време на предлогот за криза промена на еден директор. Акционите планови, госпоѓа Весна Бендевска во кризни состојби според Законот се прават катадневно. Тие се менуваат, тие не се точни и ригидни, тие се менуваат како се менува кризната состојба. Значи, малку ја доведовме до шизофрена целата седница. Предлагам во процедурата следното. Го слушнавме пледоајето, имаме летала, имаме авиони кои се дојдени. Состојбата е навистина на Н степен качена. Било какво говорење од тука нема да помогне, ако сите институции не влеземе. Можеме да помогнеме со општи заклучоци од седницата, да имаме една координација, загрижени сме, да имаме една координација. Да направиме една пауза и навистина да ги донесеме.

И уште нешто, во член 18 Службата за безбедност и разузнавање е во управувачкиот Комитет. Јас навистина очекував дека, како што беше и процедурата пред неколку години во Грција, ако се сеќавате, дел од кризите беа намерно направени од жариштата и од огновите, дел беа за градежни земјишта. Се сеќавате, апелот на грчката Влада кога ги молеше и имаше над 15 луѓе затворени на Вториот крак токму заради тој момент. Веднаш во Грчкиот закон има: опожарено земјиште влегува во земјиште на градежно земјиште. Имаме и такви моменти. Имам чувство дека состојбата на крајниот извештај го немаме за денешната седница. Но, обратно од тоа, како законодавен дом можеме да донесеме општи и заеднички заклучоци.

Затоа ве молам да направиме една пауза, да имаме една координација и да видиме дали ќе продолжиме со реплики.

**Бесим Догани:** Благодарам, госпоѓо Божиновска.

Значи, предлогот на госпоѓа Божиновска е да дадеме пауза. Значи, да го кажам прво предлогот на госпоѓа Божиновска.

**Јани Макрадули:** (Зборува од место)

Во чие име бара пауза?

**Бесим Догани:** Во име на пратеник.

Значи, договор околу заклучоците.

Пауза од 30 минути.

(Пауза од 16,32 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,58 часот).

**Иван Анастасовски:** Ги замолувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Можеме да продолжиме со работа почитувани колеги, а забележувам на екранот дека имаме пријавен голем број на пратеници, па прашувам дали е некој за процедурално.

Три минути процедурално пратеник господин Макрадули Јани.

Повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, никој нема од претставникот на Владата.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам има, тука е заменик претседателот на Владата. Не знам дали можете да го видите од вашето место, еве тука е и претседателот на Владата.

**Јани Макрадули:** Мислам дека е посигурно кога е премиерот тука.

**Иван Анастасовски:** Овде, почитуван Макрадули, знаете дека треба да биде присутен овластениот предлагач, тоа е најбитно.

Повелете вашите три минути.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе.

Јас ќе интервенирам согласно Деловникот. Имено, во член 32 став 1 се вели дека на пратениците им се доставуваат сите службени публикации што ги издава Собранието и информативните и документационите материјали што се доставуваат до Собранието заради нивно целосно информирање. Затоа, најостро протестирам во име на пратеничката група за оваа огромна злоупотреба од страна на претседателот на Собранието, што дописот согласно Законот Владата што ни го пратила на 18 јули, не е дистрибуиран до сите пратеници на Собранието и со тоа е направена груба повреда на Деловникот.

Понатаму, согласно Законот за управување со кризи во највисокото тело, тоа е Управувачкиот комитет кој го предводи согласно поставеноста госпоѓица Гордана Јанкуловска, мора да има и претставник на Собранието. Затоа, во овој момент ве прашувам кој е претставник, дали има и кој го одредил истиот во тој управувачки комитет. И, да се повикам на член 79, мислам дека денеска парламентарното мнозинство направи серија обиди стандардно преку своите сателити да ја одолговлечат својата работа, да ве потсетам дека Собранието на седницата не може да биде во прекин повеќе од еден час, што значи исцрпени се сите можности за да овој момент измислите нова процедурална закачка за да ја прекинете седницата. СДСМ како предлагач на

оваа седница има спремни заклучоци и сакаме да ги понудиме и за нив да се гласа, бидејќи ќе биде непримерно оваа исклучително важна седница денеска да заврши со конкретни заклучоци. Очекувам одговори на прашањата што ви ги поставив процедурално и очекувам коректна атмосфера до завршувањето на седницата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитувн колега. И јас бев пријавен за процедурално кога бев на местото како пратеник, истото ова што вие го рековте, од вашиот крај ќе почнам, за да не доживееме фијаско, како што доживеавме на седницата во понеделникот, сакав да дадам еден компромисен предлог за да успееме барем на оваа седница на крајот. А, освен сега на последниве 40 минути имаше конструктивна атмосфера, да излеземе со одредени заклучоци како Парламент, како Собрание. Затоа, тоа сепак останува, знаете вие, на вас како предлагачи, да се формира одредена работна група која би ги предложила заклучоците до крајот на денешново работно време, а тоа е 18,00 часот. Ниту јас, ниту не гледам некој друг, како што вие рековте сателит, се обидуваме да бараме нова пауза или нов обид да се направи пауза. Времето деловнички е до 18,00 часот и до тогаш ние ќе работиме, освен ако нешто не се побара од страна на одредени пратеници поинаку тоа да биде направено. А, за членот 32 став 1, како што викате апсолутно тука сте во право, меѓутоа јас од овој момент сега не можам точно да ви кажам зошто тоа не е дистрибуирано до сите пратеници. Тоа треба да каже и вие повикавте, тоа треба согласно членот што баравте, треба да каже министерот кој вие го повикавте. Еве, министерот за внатрешни работи се јавува да појасни во тој дел, во кој и вие исто така баравте образложение.

Јас ќе земам за право да дадам збор на министерот за внатрешни работи. Повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам потпретседтеле.

Претседателот на матичната Комисија за безбедност господинот Влатко Ѓорчев членува во Управувачкиот комитет, бидејќи на последната седница на Управувачкиот комитет уредно го најави своето отсуство, а најавен за присуство беше пратеникот Есад Рахиќ. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Значи, вие добивте одговор на оној дел што барате согласно Законот. Затоа, ви давам три минути за процедурално, пратеник господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, согласно член 32, бидејќи бевме информирани дека друг пратеник е член на Управувачкиот комитет, а не господинот Влатко Ѓорчев, како што истакна госпоѓица министер Гордана Јанкуловска, ве молам да ни ја дистрибуирате согласно член 32 став 1 одлуката, ама реалната што постои, ако постои, одлука на Комисијата за тоа назначување, без да знае Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, вие ја побаравте одлуката од Комисијата ако постои таква одлука, а не е дистрибуирана до вас. (Јани Макрадули зборува од место).

Ние таква одлука немаме. Во тој случај на немање на таква одлука, кој е сега вашиот предлог. Вие дадовте на крајот добар предлог, да ги донесеме заклучоците кои вие условно ги имате како предлагач. Ако ми дозволите, јас би ве повикал да се направи пауза, за да се договорите. Во тој случај продолжуваме со расправа. (Јани Макрадули зборува од место).

Во тој случај, колега Макрадули, продолжуваме со расправа, сосема легитимно продолжуваме со расправа.

Почитувани колеги продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник госпоѓа Стефановска Анета. Повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван премиер, почитувани министри и други претставници на Владата.

Најпрво, сакам да ја поздравам оваа иницијатива, која е поддржана од сите пратеници во Собранието на Република Македонија, но во исто време ја поздравувам и Владата на Република Македонија што ја поддржа оваа иницијатива и сите заедно прифативме да се одржи оваа седница. Се со цел да се разгледа иницијативата и состојбата во врска со пожарите кои ја зафатија целата територија на нашата држава. Но, во исто време многу жалам и констатирам од она што го слушам од граѓаните кои се движат на теренот дека оваа состојба се користи за теснопартиски интереси и со намера да се добијт политички поени, а цело време на сметка на граѓаните, на нивните емоции кои што сега ги чувствуваа во овие кризни моменти. Имам впечаток како некој да се радува на оваа состојба, оваа штета што се предизвика и на сметка на граѓаните. И, наместо тоа и јас им препорачувам на моите колеги од опозицијата солидарно да се вклучат во санирањето на оваа состојба, но не вербално, туку на дело вистински. Со ваква елементарна непогода се соочува целиот Балкан. Тоа го слушнавме и од претходните дискусии и дел од ова се соочува Европа, а ако беше оваа состојба само за Република Македонија, тогаш ќе разберев. Но, сите граѓани слушаат и гледаат дека ова што го кажувам е вистина. Елементарните непогоди, пожарите, поплавите се и законски регулирани и предвидени и точно Владата постапува така како што е регулирано во законот и подзаконските акти. Имено, Републичкиот центар за управување со кризи веднаш формира Главен кризен штаб и за тоа изјави самиот директор на Републичкиот центар за управување со кризи, господинот Панде Лазаревски, дека навистина Штабот располага со комплетна стратегија за справување со криза, дека е направена целосна координација за сето тоа и дека Македонија има навистина капацитети, а доколку ги нема, бидејќи се работи за

елементарна непогода, ние навистина не можеме да предвидиме колкави размери ќе зафати таа елементарна непогода и колкави штети ќе предизвика. Затоа, се носат ат хок решенија и постојано така како што ќе се одвива состојбата, така и ќе се однесуваме.

Конкретно сакам да кажам сега нешто во врска со градот Битола. Најпрво, сакам да изразам благодарност од околните општини и Општината Прилеп, во која што за време на кризата, во првата вечер кога се случи пожарот во градот Битола присуствуваше и самиот градоначалник и другите околни општини, кои што со своите ресурси придонесоа да се санира пожарот така како што се развиваше. Пожарот кој беше предизвикан добив впечаток и констатирав дека беше од човечки фактор направен. Што се однесува до градоначалникот со својата екипа веднаш ги презедоа сите можни активности и се вклучија со сите ресурси кои што беа на располагање за санирање на пожарите. За многу брзо време пристигнавме и ние на лице место, најпрвин јас како пратеник, а потоа почитуваниот премиер кој што дојде заедно со госпоѓата Весна Бендевска и господинот Слободан Најдовски, имаше доблест, ги пренесе со своето возило до градот Битола, се со цел и мисла дека сите заедно ќе се вклучиме во конкретните решенија да придонесеме за санирањето на пожарот. За многу брзо време пристигнавме ние на лице место, а во исто време и премиерот најажурно ги презедовме сите активности за доаѓањето на помош од блиските и соседните земји. Населението уште истата вечер беше посетено и се презедоа активности за негова евакуација. Конкретно, веднаш се донесоа заклучоци од Кризниот штаб на кој што и ние присуствувавме дека треба да биде евакуирано населението за да може понатаму да се делува со овие ресурси со кои што располгавме за гаснењето на пожарот.

Јас овде би кажала дека единствен премиер во историјата на Република Македонија е премиерот господинот Никола Груевски, кој што на лице место доаѓа на теренот, ги посетува сите, иако е во опасност, се изложува на сите можни опасности, само за да ги посети луѓето, населението да исконтактира со граѓаните и да ги преземе сите можни мерки заедно со сите луѓе, вклучувајќи го и градоначалникот на Битола, така што беше посетена и населбата за која што почитуваната моја колешка спомна. Тоа беше ромската населба, која што морам да потенцирам дека е дивоградба, каде што нема ни струја, ни вода и каде што градбите се од картонски конструкции со неколку летви, така што тука не се работи за некакви куќи со некакви посебни градби, меѓутоа и покрај се премирот со својата хуманост покажа голема доблест и тие беа евакуирани во Стрежево Јавното претпријатие, во кое што добиваат храна и вода и сега се сместени. Значи, обвинувањата навистина не држат место.

Најголемиот дел од пожарот во Градот Битола уште истата вечер беше саниран и таму каде што нашата претходна дискутантка спомна дека кај Лукоил имало некаква опасност, треба да знаете дека Лукоил е граден по определени стандарди во кои што се вклучени и противпожарните апарати и не е можно тоа да биде пуштено во функција доколку не е така како што ја кажувам јас вистината.

Јас повторно жалам што целата оваа ситуација се користи за теснопартиските интереси и многу жалам што наредниот ден мојата почитувана колешка, госпоѓата Весна Бендевска, тоа го искористи и одржа прес кој што беше упатен против градонаалникот, иако во сите моменти од самото настанување на пожарот беа присутни дел од Владата, како што е вицепремиерот господинот Живко Јанкуловски и министерот за информатичко општество господинот Иво Иванов и јас како пратеник, за кратко време кажувам пристигна и премиерот со својата екипа, а цело време градоначалникот беше на терен и си ги завршуваше правилно и законски своите активности заедно со Кризниот штаб. Пресот беше упатен кон градоначалникот исклучиво од партиските интереси, кои што навистина ние треба да ги надминеме во овие тешки моменти и сите заедно да бидеме вклучени во акцијата за санирањето на оваа елементарна непогода, за оваа стихија која што ја снајде Република Македонија. Сите заедно со граѓаните на Република Македонија да ја санираме состојбата, наместо да се користат несоодветни средства за политички маркетинг. Меѓутоа, за жал, граѓаните тоа добро го гледаат, го препознаваат и знаат точно да дадат оценка конкретно кој ги предизвикува пожарите, зошто се тие предизвикани, зошто се предлозите тука дадени, каде треба да бидат насочени средствата поврзани со ребалансот на Буџетот и сите тие погрешно насочени работи од страна на определени пратеници, на опозицијата, јасно можат граѓаните да ги гледаат и да препознаат кој се грижи за нив, а кој сака да прави политички поени.

Во исто време сакам да кажам дека градоначалникот на Битола, ако направите анкетирање точно ќе знаете како котира во базата во градот Битола. Точно се знае градоначалникот на Битола кои чекори уште од самото негово поставуваање ги превзел и што прави и многу подобро е да бидат самокритични некои наши колешки од опозицијата да кажат претходниот градоначалник од нивната партија какви чекори превземаше за Градот Битола и што се случуваше претходно. Како што постапува градоначалникот господинот Владимир Талевски цело време, така постапи и сега кога се појави пожарот. Многу е добро, почитувани колеги и колешки, сите заедно да го промениме нашиот ментален склоп и да бидеме, не да бидеме слуги на нашите партии, туку во овие моменти кога се појавуваат вакви елементарни непогоди, ние мораме да бидеме во функција на нашата држава, да ги надминеме тие теснопартиски интереси и да ги почитуваме граѓаните, интересите на граѓаните и на нашата држава.

Токму тоа го прави и сега Владата на Република Македонија.

Сега кога пред малку излезе нашиот премиер и укажа дека цела законска процедура е запазена, она што е законска регулатива и како се постапува во врска со елементарните непогоди, нашите колеги од опозицијата сакајќи да ја одолговлекуваат работата, намето ние да се наоѓаме на терените и да ги гасиме пожарите, да придонесуваме за тоа, тие сакаат да зборуваме овде и да се повторуваме со своите партиски интереси, било како само да придобијат свои политички поени. Јас навистина жалам што се повторувам пвоеќе пати и за тоа, меѓутоа, сакам почитуваната јавност да сфати дека ако колегите од опозицијата кои ја поднесоа оваа иницијатива, која навистина е за пофалба, но да биде реална и вистинита, да ги поднесеа тие заклучоци што сега ги нудат, пред 14 дена кога самиот пожар се појави и кога навистина би излегле со конкретни решенија што би придонеле тие за време на пожарите, тогаш би било во ред. Кога јас со моите колеги пратнеици бевме во кризниот штаб во Битола, јас не слушнав од почитуваната моја колешка, никаков конкретен предлог. Јас цело време знам дека беше присутна колешката, заедно со сите нас, меѓутоа не слушнав никаква понуда дека со некои нивни ресурси, освен вербално, се понудуваат да помогнат за надминувањето на состојбата во Битола.

На крајот сакам да изразам благодарност и да укажам дека граѓаните на Република Македонија кои се пријавија во многу голем број за санирањето на оваа состојба, навистина се заедно со нас и со Владата на Република Македонија, навистина покажаа голема хуманост и дека неуморно сите заедно се боревме за санирањето на состојбата. Исто така беа вклучени и ресурсите, како луѓето од РЕК Битола, војската, доброволци, Дирекцијата за заштита од пожари, противпожарната служба. Кога сум кај противпожарната служба сакам да кажам уште еден податок што сакам јавноста да го знае дека во 2001 година е набавено противпожарно возило од страна на Владата на ВМРО ДПМНЕ и набавена е англиска опрема за луѓето кои се вработени во противпожарната служба и тука застана работата. Значи минатата власт ништо не направи за набавка на возила за кризни и елементарни непогоди. Сега, кога се случува оваа состојба се користи она што не треба да се користи. Значи, тие си ги маваат камењата по својата глава, бидејќи тие се тие што не направија ништо за време на нивното владеење.

Исто така наредниот ден беа вклучрни, уште од утрината, хеликоптер, три авиони, канадер и дојде помош од странство, од Турција, од Хрватска, од Словенија од Италија од Грција, така што пожарот во Битола е саниран и се што беше во рамките на нашата моќ и на градоначалникот и на премиерот и на Владата и на сите други фактори во Битола, беше направено. Се друго што ќе каже мојата почитувана колешка, навистина нема да држи место. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитувана колешке.

Овластениот предлагач е пријавен за реплика или за збор?

Но, пред тоа да прашам дали некој друг од пријавените е за реплика?

Три минути реплика за пратеник госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе,

Почитувана колешке, моја сограѓанке, госпоѓо Стефановска, кога ве слушав, верувајте среќна сум што не сме од иста политичка опција, не ради идеолошките разлики, туку став ми е доколку некогаш дојдев во ситуација да ме браните, ќе ме дозакопавте, верувајте.

Имам само едно прашање, не со цел мене да ми одговорите, туку битолската јавност го заслужува одговорот.

Ако бензиската пумпа на Лук Оил, навистина поседува соодветен хидрант, тогаш зошто не беше вклучен во гасењето на пожарот, бидејќи станувaше збор за оддалеченост од 20 метри од пожарот. Токму тој факт предизвика паника кај Битолчани. Јас мислам дека и јас и вие, се надевам на комплетна поддршка од нашиот сограѓанин Слободан Најдовски, дека ќе мора да инсистираме на вистинскиот одговор околу ова прашање. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика госпоѓа Стефановска Анета.

**Анета Стефановска:** Тоа што го кажав за Лук Оил и за се друго, најморално и најодговорно кажувам дека стојам зад сето тоа и дека навистина ја кажувам вистината дека Лук Оил располага со соодветна опрема и без тоа не би можела да функционира. Тоа можам и да го докажам, бидејќи јас никогаш не зборувам нешто што е од тесно партиски интерес, туку зборувам во интерес на градот Битола, за моите почитувани граѓани и ова навистина ќе го докажам, па после тоа можеме повторно, еве и со реплики и со контра реплики, пак пред јавноста, да слушнеме дали навистина Лук Оил располага со соодветна опрема. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Почитувана колешке и пријателке. Навистина ми е жал што морам да ви реплицирам, меѓутоа, во една ваква ситуација за една вака сериозна тема кога треба навистина да ги заборавиме партиските разлики и да се обединиме и ние како опозиција да дадеме поддршка и помош и политичка и секаква друга, на Владата, во справувањето со овие трагедии. Вие сакајќи да ја обвините опозицијата, пред малку уште што не рековте дека опозицијата е виновна за пожарите, толку невкусно ја величавте ваша партија, вашиот градоначалник и вашиот премиер, што навистина го добивте спротивниот

ефект. Вие овде се обидувате политички да поентирате. Не е коректно да употребувате зборови од типот дека треба да го преиспитаме нашиот ментален склоп, дека знаете кој ги предизвикува и зошто ги предизвикува пожарите, дека опозицијата ликува и дека гледа сеир. Со тоа не придоенсувате и не им помагате на вашата Влада. Верувајте, можеби кај вашите гласачи изгледате како голем патриот кој кажал големи зборови во величини на премиерот кој, еве како прв во историјата, ве цитирам, посетува кризни подрачја и како што велите се излага во опасности, не барем со голи раце го гаснал пожарот. Значи не изгледате добро кога некој од страна ве слуша. Колку и да сакаме да бидеме конструктивни, мораме да се заштитиме од таквите приземни и себични теснопартиски препукувања и обвинувања. Значи ние ја свикавме оваа седница не да ве обвиниме вас, туку да видиме институционално како можеме политички, овде во Собранието, на терен преку нашите општински организации, со човечки, со технички и материјални ресурси да се вклучиме сите заедно. Не треба на вакви теми да се дели народот, не треба да терате дневна политика на ова. Мислам дека место одговор на мојата реплика, затоа што не знам за што ќе ме обвините во одговорот од една минуата, мислам дека покоректно е да се заборави вашето првично излагање, да се извините не на мене лично, туку на сите граѓани, кои без разлика на партиската припадност таму се и низ цела Македонија не само во Битола и со борат со огнената стихија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван колега.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓа Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стефановска:** За да слушне јавноста, пред да заминам на кај пожарот во Битола, господинот Кондарко ме сретна во клубот на пратеници и ми рече, што бараш ти кај пожарот, зарем сакаш да се сликаш, јас му одговорив, тука имаше и сведоци, му реков ти треба да се срамиш и заедно со мене да дојдеш да ги браниме интересите на државата. Тоа сакам да го кажам за да слушне целата јавност, а имаме и тука луѓе кои слушаат, наши колеги.

Што се однесува до се останато, вие господине Кондарко, навистина сами тоа го велите, јас никого не обвинив, туку кажав дека навистина ние треба да го смениме менталниот склоп и реално и вистински да помагаме на Република Македонија и на нашите почитувани граѓани.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи предлагачот се јавува, претпоставувам за збор, а ссекогаш предлагачот има предност. Повелете, кажи госпоѓа Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Како овластен предлагач на денешната иницијатива, бараме 15 минути пауза, бидејќи нашите предлог заклучоци веќе се подготвени, да ги усогласиме со претставниците на другите партии за да можеме конкретно да дебатираме.

Навистина потпретседателе сметаме дека се добри, ќе придонесат во ефикасноста и ќе покажеме дека умееме, како законодавен дом, во една ваква сериозна ситуација да делуваме заеднички, бидејќи интересот е заеднички, да се справиме со кризата која демнее над нашата земја. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Јас ви благодарам почитувана колешке.

Бидејќи деловнички вие не можете да побарате пауза, а ви благодарам што дефакто имате и изготвено заклучоци со кои би можеле да излеземе на крајот, од целата оваа работа, како Парламент, јас ќе дадам пауза од 15 минути, да се усогласите околу заклучоците, бидејќи деловнички јас и не би можел да ја затворам расправата се додека на дисплејот има пријавени за расправа, а ние сме некаде 20 минути пред крајот на работното време кое ни е предвидено со Деловник. Затоа би замолил во тие 15 минути да најдеме компромис и да излеземе со заклучоци. Благодарам.

Објавувам пауза од 15 минути.

(Паузата е дадена во 17,32 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,58 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги замолувам колегите пратеници да седнат на своите места, продолжуваме со работа.

Почитувани колеги, би сакал да ве информирам дека на паузата успеавме сепак сите пратенички групи да се договориме околу предлог заклучоци.

Согласно тој договор јас само можам да повикам, бидејќи сме на крајот на работното време, колегите пратеници кои се пријавени за дискусија да се откажат се со единствена цел за да можеме да ги изгласаме предложените заклучоци.

Би ве замолил во овој момент тоа да го направиме, колеги пратеници.

Очигледно тешко ни оди таа работа.

Би ве замолил, бидејќи пратеничката Весна Јаневска и пратеникот Абдулади Вејсели не се тука, тоа да го направи некој наместо нив. Би замолил . . .

(Реакција од страна на пратениците)

На екранот се појавува уште еден колега пратеник, јас би сакал да ве запрашам дали колега вие останувате за збор? Повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, сведоци сме . . .

**Иван Анастасовски:** Дали земате збор колега?

**Слободан Најдовски:** Момент, само да ви кажам, бидејќи ме прашавте ќе земам збор, вие ме прашавте.

Сведоци сме дека во овој момент страшно го кршите Деловникот, пратеници кои се пријавени (реакција од пратениците) ве молам, дали имате да кажете нешто господине Поп Арсов . . .

**Иван Анастасовски:** Причекајте да го сослушаме колегата.

**Слободан Најдовски:** Бидете трпеливи, зошто сте толку нервозни, не не оставате да зборуваме, се нешто кога не ви оди во ваша корист, веднаш реагирате. Дајте да се почитуваме како луѓе.

Господине потпретседателе, вие можете да постигнувате каков сакате договор, не знам кои ви се договорите, но вие го прекршувате Деловникот, ги терате да ги исклучат луѓето кои се пријавени за дискусија после мене.

Со кое право ги исклучивте тие луѓе? Јас сакам да го искористам своето право за да дискутирам. А, со кое ваше право, ве прашувам, ги исклучивте госпоѓа Јаневска и господин Вејсели. Можеби се тука, тие се за дискусија после мене.

**Иван Анастасовски:** Ја преземам таа одговорност на себе, согласно договорот што го постигнавме сите пратенички групи. Овде има потпишано и од вашата пратеничка група.

**Слободан Најдовски:** Во ред, мојата дискусија е максимум 15 минути.

**Иван Анастасовски:** Во тој случај се додека има пријавени на екранот, а вие сте биле едно време на ова место, знаете дека јас не можам да го заклучам претресот.

Во тој случај, ако не се откажувате, ако останувате за збор, јас морам да ја прекинам денешната работа и дополнително да бидеме информирани за продолжување на истата седница.

Сеуште останувам на договор помеѓу вас, еве говорам, ако сте подготвени тоа да го направиме. Јас знам дека сте разумен човек и можеме тоа да го направиме.

**Слободан Најдовски:** Еве господине потпретседател, јас сум многу разумен, но не сакам да влегувам во вашите игри. Ова можевте што сакавте да го кажете преку говорница, да го кажете како човек и сега сакавте да се вклучи седницата и да кажете Слободан Најдовски е виновникот.

Господине потпретседателе, сакам да го изнесам својот став, бидејќи Владата е најодговорна за овие ситуации во Република Македонија, а не да држат пресови ВМРО-ДПМНЕ и да лажат. Затоа сакам да го кажам своето мислење во времетраење од 10, максимум до 15 минути. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Значи, останувате за збор. Тогаш пријавете се, јас морам да констатирам, бидејќи на екранот нема веќе пријавени.

Останувате за збор.

Во тој случај, почитувани колеги, бидејќи работното време е на крајот, овде ја прекинувам денешната расправа, дополнително ќе бидете информирани за продолжување на оваа седница.

Утре во 11,00 часот продолжуваме со седницата за Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,04 часот)